**Правила за користење  на роаминг интернет пакети**

1. Роаминг месечни пакети:
   1GB - 200ден.
   3GB - 450ден.
   5GB - 650ден.
   10GB - 850ден.

2. Роаминг интернет пакети може да користи секој корисник на Телекабел кој нема активна забрана од било кои причини.

3. Роаминг интернетот е дел од количината на интернет кој корисникот ја има на располагање дома и цените на пакетите се доплата за користење на соодветна количина од домашниот интернет при патување во други држави (наведени во листата подолу).

4. Бидејќи роаминг интернетот е дел од интернетот што корисникот го има во пакетот дома, корисникот може да прави нарачка на соодветен роаминг пакет доколку во моментот на нарачка има на располагање количина на домашен интернет поголема од нарачаниот роаминг интернет. На пример корисник кој има на располагање 10GB дома, може да прави нарачка од највеќе 5GB роаминг интернет пакет. Корисник кој во момент на нарачка има на располагање 1GB дома, нема право на роаминг пакет. Корисник кој во момент на нарачка има повеќе од 10GB дома, има право на нарачка на било кој роаминг пакет. Корисниците кои имаат ДУО или Семеен пакет можат да прават нарачки за секој број посебно и за секој број посебно се гледа дали има доволна количина на домашен интернет.

5. Пакетите и тарифирањето на сите услуги на Телекабел се по календарски месец и соодветно на тоа роаминг пакетите може да се користат по календарски месеци. Од оваа причина цените на роаминг пакетите се значително пониски од цените за користење на роаминг интернет по MB каде корисникот плаќа само за количината што ја има потрошено. Корисниците кои сакаат да им биде тарифирано само тоа што е потрошено не треба да прават нарачка на роаминг пакети.

6. Корисникот има право на нарачка на роаминг интернет пакет за тековниот и за следнито календарски месец.

7. Корисникот нема право на промена на нарачаниот пакет.

8. Користењето на роаминг интернет технички е зависно од операторите каде корисникот роамира и Телекабел не може да гарантира дека секогаш ќе биде успешно. Доколку корисникот на роаминг пакет има потрошено помалку од 10MB, ќе се смета дека користењето на пакетот е неуспешно и пакетот нема да му биде фактуриран.

9. Нарачката на пакети е овозможена со праќање на СМС на бројот 600001 со содржина:
1G - за нарачка на 1GB роаминг интернет пакет за тековниот месец
3G - за нарачка на 3GB роаминг интернет пакет за тековниот месец
5G - за нарачка на 5GB роаминг интернет пакет за тековниот месец
10G - за нарачка на 10GB роаминг интернет пакет за тековниот месец
S1G - за нарачка на 1GB роаминг интернет пакет за следниот месец
S3G - за нарачка на 3GB роаминг интернет пакет за следниот месец
S5G - за нарачка на 5GB роаминг интернет пакет за следниот месец
S10G - за нарачка на 10GB роаминг интернет пакет за следниот месец

10. Калкулирањето на роаминг интернет во пакет почнува од моментот кога корисникот активирал пакет. Секое претходно користење на роаминг интернет во тој месец се калкулира по стандардниот ценовник и не влегува во пакетот.

11. По надминување на дозволената количина во интернет роаминг пакетот, роаминг дата услугата на корисникот ќе му биде блокирана за тој календарски месец. Корисникот има право само на една нарачка на роаминг интернет пакет за календарски месец.

12. Користењето на интернет во држави кои не се во листата за роаминг интернет пакети се тарифира посебно по потрошена количина според ценовникот за роаминг:
https://telekabel.com.mk/wp-content/uploads/2025/04/roam_prices_WEB_20210801.pdf
Доколку корисникот не сака да има дополнителни трошоци за роаминг интернет од тие за пакетот, потребно е да исклучи "Data Roaming" на неговиот уред пред влегување во држави кои не се во листата за роаминг интернет пакети.